# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОЛИТИКИ

## *ЕФЕКТОТ НА ИСТИСНУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ТУТУН ВО РС МАКЕДОНИЈА*

## *Клучни наоди*

1. **Трендови на потрошувачка на тутун:**

    o Потрошувачката на тутун се зголеми во сите доходовни групи во периодот помеѓу 2018 и 2022 година.

    o Уделот на потрошувачката на тутун во вкупниот буџет на домаќинствата се зголеми од 10,3% во 2018 година на 13,2% во 2022 година, особено влијаејќи на домаќинствата со низок доход.

    o Потрошувачката на тутун ја истиснува потрошувачката на основни добра на домаќинствата, со поизразени ефекти кај домаќинствата со низок доход.

2. **Ефекти на истиснување и поттикнување:**

    o **Ефект на истиснување:** Трошоците за тутун ги намалуваат (истиснуваат) трошоците за храна, облека, здравје, домување и комуникација.

    o **Ефект на поттикнување:** Потрошувачката на тутун е поврзана со зголемено трошење на алкохол, забава и ресторани. Овој ефект на поттикнување е особено забележлив во домаќинствата со висок доход, каде што трошењето за не-основни ставки како ресторани и барови се зголемуваат паралелно со потрошувачката на тутун.

3. **Анализа според доходовни групи на домаќинства:**

    o **Домаќинства со низок доход**: Трошоците за тутун ги истиснуваат трошоците за основни потреби како храна, здравје и домување. Помеѓу 2018 и 2022 година, уделот на буџетот потрошен за тутун кај домаќинствата со низок доход се зголеми од 5,6% на 8,9%.

    o **Домаќинства со среден доход**: Забележано е намалување на трошоците за мебел, образование и рекреација како резултат на трошоците за тутун. Уделот на буџетот потрошен за тутун кај домаќинствата со среден доход се зголеми од 4,6% на 7,4%.

    o **Домаќинства со висок доход**: Иако помалку погодени од ефектот на истиснување, домаќинствата со висок доход имаат намалени трошоци за мебел и домување. Трошоците за тутун се зголемија од 3,2% на 5,3%.

## *Вовед*

Овој извештај ги претставува наодите од истражувањето за тоа како потрошувачката на тутун влијае на буџетите на домаќинствата во Северна Македонија. Тутунот, освен што има штетни здравствени последици, претставува и значителен финансиски товар за семејствата и го влошува нивниот животен стандард. Истражувањето ги анализира последиците од трошењето за тутун, кое доведува до намалување на трошењето за основни потреби како што се храна, облека, здравствена заштита и образование. Овој ефект често води до „секундарна сиромаштија," кога домаќинствата што инаку би можеле да одржуваат пристоен животен стандард се доведени во финансиски потешкотии поради трошењето на тутун (John et al., 2019).

Северна Македонија, како земја со среден доход, се соочува со една од највисоките стапки на пушење во Европа. Во 2019 година, 48,4% од возрасната популација пуши, при што 81,4% од секојдневните пушачи почнале пред да наполнат 25 години, а 44,4% пушат повеќе од 20 цигари дневно, што е значително над европскиот просек. Мажите пушат почесто од жените, што дополнително создава финансиски товар врз домаќинствата каде мажите се пушачи, што води до економски нееднаквости меѓу домаќинствата. (студија на СЗО BCI, 2022).

Високата стапка на сиромаштија во земјата (21,8% во 2020 година) значи дека домаќинствата кои трошат значителен дел од својот доход на тутун се изложени на поголем ризик од финансиски стрес. Во 2020 година, домаќинствата со пушачи трошеле во просек 11,1% од својот буџет на тутунски производи, пренасочувајќи ги средствата од основни ставки како што се храната, здравството и развојот на децата.

И покрај тоа што РС Македонија ја ратификуваше Рамковната конвенција на Светската здравствена организација за контрола на тутунот (FCTC) во 2006 година и воведе забрана за пушење на јавни места, неодамнешните олеснувања на политиките дозволија пушење на многу јавни места, особено во барови и ресторани. Како резултат на тоа, повеќето возрасни се изложени на пасивно пушење во социјални средини, што дополнително ја зголемува загриженоста за јавното здравје. Високите стапки на пушење не само што го обесхрабруваат откажувањето од пушењето, туку и ја зголемуваат веројатноста младите да започнат со пушење.

## *Резултати*

Употребата на тутун во РС Македонија го пренасочува буџетот на домаќинствата од основните потреби, особено во домаќинствата со низок доход. Домаќинствата со пушачи ги жртвуваат основните потреби како храна и здравствена заштита за да трошат на тутун, што води до финансиски товар и секундарна сиромаштија. Овие наоди јасно покажуваат дека има потреба од насочени политики за намалување на потрошувачката на тутун и подобрување на животниот стандард, особено за најранливите групи.

Анализата на графиконот 1 покажува значителни разлики помеѓу трошењето во домаќинства со и без пушачи. Непушачките домаќинства посветуваат значително поголем дел од буџетот на основни добра, како храна и пијалоци (10,3 процентни поени повеќе), домување и комунални услуги (1,8 процентни поени повеќе) и здравство (1,4 процентни поени повеќе). Наспроти нив, пушачките домаќинства трошат повеќе на транспорт (1,6 процентни поени повеќе), барови и ресторани (1,3 процентни поени повеќе), облека (0,8 процентни поени повеќе), и особено на алкохол (11,3 процентни поени повеќе), што покажува дека тутунот и алкохолот се комплементарни добра. Двете групи на домаќинства имаат слични трошоци за образование, бидејќи основното и средното образование се бесплатни и задолжителни, а малку се разликуваат и трошоците за комуникации и мебел.

Овие наоди сугерираат дека пушачките домаќинства ги приоритизираат не-основните трошења како алкохол и ресторани, на сметка на трошоците за храна и домување. Ова укажува на јасна разлика во приоритетите на трошење, при што употребата на тутун ги пренасочува средствата од основните потреби кон помалку продуктивни трошоци.

**Графикон 1.** Удели во буџетот потрошени на производи од различни групи на пушачки и непушачки домаќинства




*Извор: Пресметки на авторите врз основа на податоците од Анкетата за потрошувачка на домаќинства*

Како заклучок, анализата ги истакнува значајните последици на потрошувачката на тутун (пушењето) врз буџетите на домаќинствата во РС Македонија. Пушачките домаќинства одвојуваат поголем дел од својот доход на несуштински добра, што резултира со намалени трошоци за основни потреби како што се храна, здравје и домување, особено кај домаќинствата со низок доход. Домаќинствата со среден доход забележуваат ефект на истиснување на дискреционото трошење како образование и рекреација, додека домаќинствата со висок доход покажуваат зголемено трошење за алкохол и забава заедно со употребата на тутун. Згора на тоа, родовата разлика во преваленцата на пушење, при што мажите почесто пушат, дополнително ги влошува финансиски притисоци во домаќинства предводени од мажи. Анализата покажува дека потрошувачката на тутун ги намалува трошоците за основните потреби како храна, здравје и домување, додека ги зголемува трошоците за несуштински добра како алкохол и ресторани. Севкупно, трошоците за тутун негативно влијаат на благосостојбата на домаќинствата од сите доходовни групи, но ефектот на истиснување е најзначаен за домаќинствата со низок доход, особено кај трошоците  за основните потреби. Домаќинствата со висок доход имаат помал ефект на истиснување.

## *Политички импликации и препораки*

Наодите од истражувањето ја истакнуваат итната потреба од насочени интервенции за намалување на потрошувачката на тутун во РС Македонија, особено кај домаќинствата со низок доход. Предложени се следниве препораки за креирање политики:

1. **Зајакнување на мерките за контрола на тутунот:**

    - **Зголемување на даноците за тутун**: Зголемувањето на даноците за тутунските производи може да ја намали потрошувачката, особено кај домаќинствата со низок доход. Доказите сугерираат дека повисоките даноци можат да ги одвратат луѓето од пушење и да го намалат финансискиот товар на буџетите на домаќинствата. Младите и поединците со понизок доход се најчувствителни на цената, и затоа најверојатно ќе ја намалат потрошувачката или ќе се откажат од пушење.

    - **Спроведување на забраните за пушење**: Повторното воведување и спроведување на строги забрани за пушење на јавни места, вклучително ресторани и барови, ќе помогне да се намали изложеноста на јавноста на пасивно пушење и потенцијално да се намали вкупната потрошувачка.

2. **Промовирање на кампањи за јавно здравје:**

- **Кампањи за подигнување на свеста**: Започнување на насочени кампањи за јавно здравје за да се подигне свеста за негативните финансиски и здравствени последици од употребата на тутунот, особено за младите луѓе и семејствата со низок доход.

- **Програми за рана интервенција**: Иницирање на програми во училиштата и заедниците со цел да се спречи младите да започнат со пушење, бидејќи повеќето пушачи почнуваат пред 25-годишна возраст.

3. **Проширување на пристапот до програмите за откажување од пушење:**

- **Програми за откажување од пушење**: Обезбедување на пристап до советување, терапии за замена на никотин и други помагала за откажување, особено за особено за младите и популацијата со ниски доходи.

- **Интеграција во примарната здравствена заштита**: Матичните лекари треба да бидат вклучени во напорите за откажување од пушењето, обезбедувајќи поддршка за пушачите кои сакаат да се откажат.

4. **Зајакнување на истражување и мониторинг:**

- Собирање податоци за трендовите на потрошувачката на тутун и нејзиното влијание врз буџетите на домаќинствата е од суштинско значење за мерење на напредокот во намалувањето на употребата на тутун, ублажувањето на неговиот економски товар врз домаќинствата и оценувањето на ефективноста на спроведените политики за контрола на тутунот.

### *Признанија*

Овој документ е подготвен од истражувачите од тинк-тенк „Аналитика“ од С.Македонија во соработка со програмата Tobacconomics на Универзитетот Џон Хопкинс (JHU) за спроведување економско истражување за оданочувањето на тутунот во Северна Македонија. JHU е партнер на иницијативата Bloomberg Initiative to Reduce Tobacco Use. Ставовите изразени во овој документ се ставови на авторите и не ги претставуваат ставовите на JHU или Bloomberg Philanthropies.